Наративен извештај за април 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец април 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта имаше интензивна агенда на активности, а сè со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година.

Активностите за овој месец започнаа со Посетата на претставници од ЕУ – оценска комисија за јавни набавки, кај Директорот Зоран Китанов каде што на состанокот се дискутираше за постапките кои беа побарани од ЈП за државни патишта од секторот за јавни набавки, при што се доставија на оценската комисија за јавни набавки за два патни правци и тоа: Санација и рехабилитација на патниот правец Неготино – Демир Капија и Рехабилитација на делницата Кичево – Колари. Комисијата изрази задоволство за успешно спроведување на постапките при нивната оценка за јавни набавки.

Директорот Зоран Китанов на покана од кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања Кочо Анѓушев, присуствуваше на Првиот Бизнис Форум, кои беа организирани помеѓу Владите на Република Северна Македонија и Грција. Бизнис форумот произлегува како заедничка иницијатива од спогодбата од Преспа, а преку кој значително ќе се придонесе за унапредување на соработката помеѓу двете соседни земји.

Направен беше теренски увид од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, на експресниот пат Ранковце - Крива Паланка со должина од 23 км. Вкупната инвестиција на изградбата на експресниот пат изнесува 58 милиони евра. Проектот е финансиран со средства од Светска Банка. Направен беше увид и на рехабилитација на коловоз на државен пат делница Ранковце – Крива Паланка, со должина од 21км. Вредност од 2,6 милиони евра. Средствата се обезбедени од Европска банка за обнова и развој.

Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов оствари средба со Францускиот амбасадор Кристијан Тимоние, во просториите на Јавното претпријатие на тема: можна соработка за TWINNING проекти во делот на патна инфраструктура помеѓу институциите на двете држави чија дејност и управување се однесува на патната инфраструктура.